Македонско здружение на млади правници

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Унапредување на про боно правната помош и алтернативните начини за решавање на спорови во РСМ

# ВОДИЧ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПРО БОНО ПРОГРАМА ЗА АДВОКАТИ



Автор:
д-р Јелена Ристиќ

Уредници:
Гоце Коцевски
Светлана Црвенковска

Февруари 2020

**Издавач:**

Македонско здружение на млади правници
ул. Донбас 14-1/6, Скопје
тел. 02/3220-870,
е-пошта: contact@myla.org.mk

**Автор:**

д-р Јелена Ристиќ

**Уредници:**

Гоце Коцевски
Светлана Црвенковска

**Печатење: АЛФА-94 М.А.ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**

**Дизајн:** Бригада дизајн

**Тираж:** 300

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

347.921.8:347.965(036)

РИСТИЌ, Јелена

Водич за воспоставување и одржување на про боно програма за адвокати / [Јелена Ристиќ]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2020. - 40 стр. ; 21 см

ISBN 978-608-4843-25-2

а) Бесплатна правна помош - Програма - Адвокати - Водичи

COBISS.MK-ID 112337930

Проектот „ Унапредување на про боно правната помош и алтернативните начини за решавање на спорови во РСМ“ е финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество- Македонија.

# Содржина

**Дел I Вовед** 6

1.1 Предмет и цел на Водичот 6

1.2 За структурата на Водичот 7

Дел II Администрација на про боно програмата 8

2.1 Вовед 8

2.2 Про боно координатор 8

2.2.1 Назначување на про боно кооридинатор 8

2.2.2 Обврски на про боно кооридинаторот 8

2.3 Про боно раководител или комитет 10

**Дел III Изработка на про боно прирачник** 12

3.1 Вовед 12

3.2 Про боно заложба и цели на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво 12

3.3 Дефиниција на про боно правна помош 13

3.3.1 Која е разликата помеѓу општествената одговорност на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и про боно правната помош? 13

3.3.2 Може ли учеството во образовни програми да се смета за про боно работа? 15

3.3.3 Дали активноста како член на управен одбор на невладина организација може да се смета за про боно работа? 15

3.4 Администрација на про боно програмата 15

3.5 Финансиски аспекти за воспоставување про боно програма 16

3.5.1 Ако про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво има буџет, кој е најдобриот начин да се структурира? 16

3.5.2 Дали некогаш е соодветно да се наплатува надомест од про боно клиент? 17

3.5.3 Алокација на трошоци 18

3.5.4 Кои се даночните импликации поврзани со про боно работа?18

3.6 Процедура за про боно предмети 19

3.6.1 Отворање на нови про боно предмети 20

3.6.2 Следење и надзор над про боно предмети 21

3.6.3 Стандард на услуги 21

3.6.4 Евиденција на часови 21

3.6.5 Завршување на про боно предмети 21

3.6.7 Евалуација 21

**Дел IV Про боно можности** 22

4.1 Балансирање на правната потреба со стручноста и интересот на адвокатот 22

4.2 Идентификување на про боно можности 23

4.2.1 Создавање на про боно партнерства 23

4.2.2 Мрежа на про боно координатори 24

4.2.3 Внатрешни системи 24

4.2.4 Идентификација на про боно можности преку адвокатите и административниот пресонал 24

**Дел V Промоција и признание за про боно работа** 25

5.1 Промоција на про боно работа 25

5.2 Признание за про боно работа 26

**Дел VI Евалуација** 27

6.1 Евалуација на про боно работењето на адвокатот 27

6.2 Евалуација на про боно програмата 27

**Дел VII Придобивки од про боно програмата** **29**

# Дел I
# Вовед

### 1.1 Предмет и цел на Водичот

Сè поголем број на адвокати поединци и адвокатски друштва прифаќаат про боно работа, односно обезбедување на про боно правна помош. За развојот на долгорочна про боно практика потребна е системска имплементација на формална структура и систем на поддршка, со цел обезбедувањето про боно правна помош да биде целосно интегрирано во рамките на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Институционализацијата на официјална про боно програма, исто така, помага да се обезбеди висококвалитетна и ефикасна правна работа со далекусежни влијанија.

Про боно програмата треба да воспостави механизми што ќе им овозможат на адвокатите да учествуваат во про боно работа, како што се: отстранување на потенцијалните внатрешни пречки за вршење на про боно работа; промовирање на учество во про боно работа меѓу адвокатите во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво; воспоставување механизми за идентификување на про боно можности и слично.

Добро организирана про боно програма не е неопходна само за управување со про боно работата која се врши, туку и за подобрување на квалитетот на про боно правната помош која се пружа. Со воспоставување механизми за менторство и/или надзор над про боно работата, како и развој на внатрешна експертиза за разни видови на про боно работење, се обезбедува силна про боно програма, која може значително да придонесе кон зголмување на квалитетот при постапувањето во однос на правните работи на про боно клиентите.

Конечно, официјална про боно програма овозможува про боно практиката на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво да функционира на ефикасен и ефективен начин. Со институционализирање на про боно работата, адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва може да заштедат ресурси, пари и време, а со тоа да постигнат повеќе со помалку.

Водичот има консултативна и незадолжителна природа. Неговата главна цел е да обезбеди рамка и корисни упатства во насока на воспоставување и одржување на про боно програма во адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва, кои обезбедуваат или сакаат да обезбедуваат про боно правна помош и кои имаат потреба од подобра организација преку нејзино структурирање и систематизирање со помош на про боно програма. Секако, конечниот модел на воспоставената про боно програма на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе зависи од повеќе индивидуални фактори, како што се големината, расположливите ресурси, хиерархиската структура и фокусот на определена правна област

на конкретната адвокатска канцеларија, односно адвокатско друштво.

### 1.2 За структурата на Водичот

Овој Водич е поделен на седум дела. Дел II се фокусира на администрацијата на про боно програмата. Делот III го опишува развивањето на прирачник за про боно политика и процедури на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Делот IV ги опишува систематските начини на кои адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва можат да ги идентификуваат про боно можностите . Делот V се однесува на поттикнување и признавање на про боно работата во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Делот VI опфаќа насоки за евалуација на про боно работата, како и самата про боно програма. Делот VII ги опишува придобивките од про боно програмата за адвокатска канцеларија, односно адвокатското друштво.

# Дел II
# Администрација на про боно програмата

## 2.1 Вовед

Првиот чекор за адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво во насока на развој на про боно програма е да се одлучи кој ќе управува со про боно програмата, притоа утврдувајќи ги функциите и одговорностите што ќе ги има ова лице или група на лица. Бројот и видот на лица или група на лица задолжени за управување со про боно програмата, како и нивните одговорности, ќе зависат од големината, хиерархиската структура и други карактеристики на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.

Управувањето со про боно програма се состои од две главни компоненти. Првата е рутинска администрација, која е вообичаено одговорност на про боно координаторот. Втората вклучува развој на пошироки цели и насоки на програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, која најчесто е одговорност на про боно раководителот на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво или про боно комитетот.

## 2.2 Про боно координатор

### 2.2.1 Назначување на про боно кооридинатор

Раководството на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво одлучува кој е најдобро позициониран да ја води про боно програмата. Про боно координаторот во адвокатските канцеларии може да биде еден од адвокатите (адвокатот кој самостојно врши адвокатска дејност или адвокатите вработени кај него), додека во адвокатските друштва тоа може да биде еден од партнерите или адвокатите вработени во адвокатското друштво, кои ја преземаат оваа улога покрај нивната улога како адвокати. Без оглед кој е избран за про боно координатор, треба да се осигури дека тоа лице има доволно време и ресурси за да ги исполни сите одговорности што ги бара таквата улога.

### 2.2.2 Обврски на про боно кооридинаторот

Генерално, должностите на про боно координаторот се следниве:

(а) **Административно управување:** Про боно координаторот е одговорен за секојдневната администрација на про боно програмата, која вклучува отворање, следење и затворање на про боно предмети. Кога адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе усвои про боно прирачник што содржи процедури за преземање на овие задачи, про боно координаторот треба да осигури дека секој чекор е завршен. Должностите на про боно координаторот, исто така, вклучуваат обезбедување на соодветна организација и чување

на документи поврзани со про боно предметите, вклучително и формулари и прирачници за про боно обезбедување правна помош, како и евиденција на про боно часови по адвокат и по про боно клиент.

(б) **Надзор над про боно предмети:** Про боно координаторот треба редовно да ја проверува состојбата на сите про боно предмети кои ги презела адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Ова вклучува познавање на тековниот статус на сите про боно предмети за да се осигури дека кај сите се постапува навремено, притоа решавајќи ги сите проблеми кои евентуално би се појавиле во таа смисла. Добар начин да се биде во чекор со секој предмет е да се користат извештаи за ажурирање на статусот, кои про боно координаторот ги прегледува и споделува, воедно делувајќи во однос на прашања на кои треба да се обрне внимание.

(в) **Односи со про боно организации:** Про боно координаторот треба да комуницира со организации со кои адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво има воспоставено соработка за да добие опис на достапните про боно можности и периодично да ги известува за статусот на про боно предмети кои адвокатите во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ги презеле. Доколку адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво одлучи да не воспостави таков вид на соработка за идентификување на про боно можности, про боно координаторот треба да изнајде други средства со помош на кои би се идентификувале про боно можностите што се во рамки на мисијата на програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.

(г) **Известување за достапните про боно можности: Друга одговорност на про боно координаторот е да ги извести адвокатите во** адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво **за про боно можности и, воопшто, да ја промовира про боно програмата во рамките на** адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Исто така, адвокати**те треба да бидат охрабрени да предложат про боно можности за кои ќе дознаат**.

(д) **Одговорност:** Про боно координаторот мора да го извести про боно раководителот или комитетот (или друго определено одговорно лице или тело) за статусот на про боно програмата и за развојот на одредени прашања.

### 2.3 Про боно раководител или комитет

Разни фактори ја одредуваат насоката на про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, како што се големината, хиерархиската структура и фокусот на определена правна област. Во рамки на големите адвокатски фирми во САД, вообичаено е еден од партнерите ја надгледува про боно програмата. Така, покрај другите улоги, тој/таа е одговорен за надгледување на целокупната про боно програма. Притоа, тој/таа може да претседава со про боно комитет во кој треба да бидат вклучени про боно координаторот, адвокатите и други соработници кои работат на про боно предмети, како и останатите партнери.

Имено, надгледувањето на насоките во кои се движи про боно програмата треба да вклучува стратешко одлучување во кое учествуваат барем дел од партнерите на адвокатското друштво. Учеството на партнерите во надзорот и стратешката насока на про боно програмата може да има позитивно влијание во насока да се даде поддршка и поттик на адвокатите да работат и на про боно предмети. Во контекст на индивидуалните канцеларии, како про боно раководител треба да биде вклучен адвокатот кој самостојно врши адвокатска дејност.

Генерално, должностите на про боно раководителот или комитетот се следниве:

(а) Надзор над про боно програмата: **Про боно раководителот или комитетот треба да ја следат про боно програмата**, за да се обезбеди ефективно функционирање. Ова вклучува надзор на**д работата на про боно координаторот.**

(б) Надзор над про боно прирачникот: **Про боно раководителот или комитетот треба да учествуваат во првичното подготвување и периодично да ја прегледуваат и ревидираат содржината на про боно прирачникот на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.**

(в) Развој на про боно партнерства: Про боно раководителот или комитетот треба да придонесат кон развојот на про боно партнерства на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, и до одреден степен да ги земат предвид потенцијалните дополнителни видови на про боно партнерства. Ако адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво одлучи дека нема да воспостави про боно партнерство, про боно раководителот или комитетот треба да работат со про боно координаторот (доколку има) за да воспостават друг механизам за идентификување на про боно можностите.

(г) Одобрување на нови про боно предмети: Препорачливо е адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва да воспостават постапка за отворање, следење и затворање на про боно предмети. Про боно раководителот или комитетот може заеднички со про боно

координаторот да го одобри отворањето на сите нови предмети, или да ги прифати параметрите кои про боно координаторот ги применува при одобрувањето за отворање на новите предмети, при што треба да биде консултиран од страна на про боно координаторот во невообичаени ситуации.

**(д) Промоција и прифаќање на про боно работа:** Друга функција на про боно раководителот или комитетот е да работи со про боно координаторот (доколку има) за да ги утврди начините на кои адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе го поттикне и прифати про боно работењето внатрешно.

**(ѓ) Евалуација на про боно програмата:** Про боно раководителот или комитетот треба да ги земат предвид успесите и неуспесите на про боно програмата, правејќи или предлагајќи соодветни прилагодувања на истата.

# Дел III
# Изработка на про боно прирачник

### 3.1 Вовед

Важен аспект на про боно програмата е изработка на прирачник за про боно политика и процедури. Иако про боно прирачниците се разликуваат по нивниот опсег, прирачникот генерално има четири функции:

1. Прирачникот го дефинира обезбедувањето про боно правна помош и кои видови на про боно работа ги извршува адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и нивните адвокати.
2. Прирачникот ја артикулира про боно заложбата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.
3. Прирачникот ги определува одговорните лица или тела за администрирање на про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.
4. Конечно, прирачникот ги утврдува процедурите што треба да се следат во врска со про боно програмата.

Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво прво мора да одлучи кој ќе го подготви и одобри про боно прирачникот, бидејќи про боно прирачникот ја утврдува официјална позиција на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво во однос на обезбедувањето про боно правна помош.

### 3.2 Про боно заложба и цели на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво

Воведниот дел од про боно прирачникот ја артикулира посветеноста на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво на обезбедување про боно правна помош. Особено, содржи декларација дека адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво го поддржува и го поттикнува учеството на нејзините адвокати во про боно работа.

Овој дел обично содржи специфични про боно цели или очекувања усвоени од адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Целите може да вклучуваат годишен минимален број на про боно часови по адвокат или за адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво како целина, про боно процент од наплатливите работни часови на адвокатот и/или процент или број на адвокати од кои секој ќе изработи определен број на про боно часови.

Адвокатите не се единствените лица во адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва кои можат да даваат про боно правна помош. Стручните соработници, адвокатските приправници, и студенти на пракса исто така може да дадат вреден придонес и честопати се ентузијасти за учество во про боно работа.

## 3.3 Дефиниција на про боно правна помош

Овој дел од про боно прирачниот дефинира какви услуги и видови на правни прашања адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе разгледува про боно и кои категории клиенти ќе се квалификуваат за про боно правна помош.

Концептот на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за про боно правна помош може да вклучува бесплатни правни услуги дадени на сиромашни и други маргинализирани граѓани, или на невладини организации од кои првенствено имаат корист ваквите ранливи групи на граѓани. Исто така, може да вклучува правни услуги кои се дадени за прашања од јавен интерес (како што се прашања во врска со граѓански права чија заштита веројатно нема да биде активирана во отсуство на про боно правна помош или прашања кои засегаат маргинализирани граѓани).

Покрај тоа, адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва не треба само да дефинираат што се смета за про боно правна помош, туку и какви активности нема да се сметаат за про боно правна помош. На пример, обезбедувањето про боно правна помош не треба да вклучува пружање правна помош со користење на намални тарифи, односно тарифи кои се пониски од минмалниот износ предвиден во Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите. Ниту, пак, треба да вклучува помош во врска со прашања кои не се поврзани со право, предавања, објавување книги или написи на теми кои не се конкретно насочени кон правни прашања што се во рамките на про боно дефиницијата, или давање бесплатни правни услуги на пријателите и семејството (барем ако не се сиромашни). Многу од овие активности се пожелни и претставуваат придонеси за заедницата, но не треба да се категоризираат како про боно работа.

### 3.3.1 Која е разликата помеѓу општествената одговорност на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и про боно правната помош?

Обезбедувањето про боно правна помош е, пред сè, професионална обврска, која произлегува од природата на улогата на адвокатот во општеството и позицијата која адвокатите ја заземаат во однос на обезбедување пристап до правдата. Особено важна обврска претставува адресирањето на празнините што ги спречуваат оние на кои им е најпотребна помош во општеството да обезбедат платена правна помош. Важноста на обврската е исто така значајна во случај кога за определени прашања од јавен интерес на друг начин не би имало пристап до правна помош, доколку не би постоеле адвокати кои обезбедуваат про боно правна помош.

Про боно работата се разликува од волонтерското работење кое не е поврзано со правна помош при правни прашања и другите форми на добротворни активности. Оваа разлика произлегува од фактот дека про

боно правната работа помага да се пополни јазот помеѓу правните потреби на најзагрозените во општеството и нивните можности да обезбедат правна помош, и помага во решавање на други празнини во пристапот до правдата (како на пример кога групите од јавен интерес не можат да си дозволат да обезбедат правна помош). Од клучно значење е да се задржи про боно правната работа целосно одвоена од волонтирањето и други форми на добротворни активности при воспоставување на про боно структура на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво.

Деловните трендови и глобализацијата поттикнаа сè поголем интерес за корпоративна општествена одговорност. Корпоративната општествена одговорност е форма на корпоративна саморегулација со која бизнисите ја прифаќаат одговорноста за влијанието на нивните активности врз засегнатите страни и други членови на јавната сфера. Клиентите и потрошувачите сè повеќе бараат од корпорациите и професионалците да одржуваат одговорни практики од кои имаат корист не само потрошувачите, туку и вработените, околината и општеството како целина. Бидејќи корпоративните клиенти може да бараат адвокатска канцеларија, односно адвокатско друштво кое е општествено одговорно, концептите на општествена одговорност во правната средина и обезбедувањето про боно правна помош може да создадат недоразбирања во оваа смисла. Дополнителен фактор, во некои случаи, е тоа што еден корпоративен клиент може да ја земе предвид про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво во одредувањето на степенот до кој сметаат дека адвокатската фирма е општествено одговорна.

Во рамките на секоја адвокатска канцеларија, односно адвокатско друштво, треба да се направи јасна разлика помеѓу добротворни придонеси, волонтерство, општествено одговорни деловни практики и про боно правна помош. Добротворните придонеси најлесно може да се разликуваат од про боно работата, поради тоа што тие се состојат од директни финансиски придонеси дадени на добротворни организации, невладини организации или други субјекти. Додека некои од овие финансиски донации може да им помогнат на овие организации во обезбедување на услуги (понекогаш, делумно или целосно тие услуги се состојат од правна помош) на сиромашни или маргинализирани лица, групи или заедници, самите донации не се квалификуваат како про боно работа. Понатаму, адвокатска канцеларија, односно адвокатско друштво не ја исполнува својата про боно заложба со давање на финансиски придонеси за овие организации, без оглед на корисниците на организациите и крајните цели.

Служењето на заедницата или волонтерството исто така се разликува од про боно правната помош. Служењето на заедницата вклучува собирање на разни предмети за лица кои имаат потреба од такви предмети или давање социјални (а не правни) услуги на овие лица. Имено, сето ова вклучува собирање на храна, облека, дарување крв, чистење на отпадоци во парковите, итн.

Служењето на заедницата е важно за подобрување на општеството,

а исто така може да послужи за зацврстување и градење на односите со клиентите и пошироката популација. Волонтерската служба овозможува отворена соработка помеѓу адвокатите и другите членови на заедницата, без нивото на формализација и специјализација неопходно за про боно правна работа. Исто така, може да биде корисно и за градење на тимскиот дух. Затоа, иако не може да се смета за про боно правна работа, волонтерската служба на заедницата е вредно искуство за адвокатите и адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва.

Напорите за зачувување на животната средина во име на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, како на пример програми за рециклирање на хартија, пластика, мобилени телефони, исто така не претставуваат про боно работа.

#### 3.3.2 Може ли учеството во образовни програми да се смета за про боно работа?

Менторство или туторство на студенти не треба да се смета за про боно работа затоа што не вклучува обезбедување на правна помош. Кога не се потребни правни вештини или знаење, активноста треба да се смета за волонтерство. Но, ова не е случај кога се работи за активности во работата на правните клиники овластени за давање на примарна правна помош, во согласност со Законот за бесплатна правна помош. Соработката со студентите во рамки на правните клиники при пружањето на примарна правна помош се смета за про боно работа.

#### 3.3.3 Дали активноста како член на управен одбор на невладина организација може да се смета за про боно работа?

Иако активноста како член на управен одбор на невладина организација не се смета за про боно работа, таа е важен аспект за генерирање на про боно култура. Во секој случај, важно е да се разграничат активностите на адвокат како член на управен одбор на определена невладина организација, од активностите на обезбедување правна помош кои ги врши за конкретната невладина организација.

### 3.4 Администрација на про боно програмата

Овој дел од про боно прирачникот утврдува кој ќе управува со про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, при што се наведени одговорностите на различните програмски улоги на про боно координаторот, про боно раководителот и/или про боно комитетот, согласно утврдената структура. Администрацијата на програмата вклучува координација на про боно проектите и управување со про боно програмата, и обично е одговорност на про боно координаторот.

## 3.5 Финансиски аспекти за воспоставување про боно програма

### 3.5.1 Ако про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво има буџет, кој е најдобриот начин да се структурира?

Постојат трошоци во врска со сите про боно програми, кои вклучуваат и внатрешни и надворешни трошоци. Внатрешните трошоци се поврзани со „рутинскиот" тек на деловните активности, како што се фотокопирање, телефонски повици, поштарина, транспорт и слично. Надворешните трошоци вклучуваат „нерутински" трошоци, како што трошоци за вештаци, истражители и слично. Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва може да имаат различни политики за тоа како да се распределуваат такви трошоци помеѓу адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и про боно клиентот.

Без оглед на тоа каква е политиката на адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва во однос на формирањето на про боно буџет во однос на трошоците, истото се смета за клучен аспект на институционализација на обезбедувањето про боно правна помош и развој на одржлива внатрешна про боно програма. Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва што усвојуваат про боно буџети сметаат дека со тоа може да се овозможи непречена транзиција во целосно интегрирана про боно практика. Сепак, треба да се напомене дека некои адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва со успешни про боно програми не усвојуваат про боно буџети, сметајќи дека ова ѝ овозможува на про боно програмата да има поголема флексибилност.

Како што е случајот со повеќето административни прашања, при буџетирањето за про боно правна помош се постапува поинаку во секоја адвокатска канцеларија, односно адвокатско друштво што има предвидено ваков буџет, при што истото е прилагодено да ги задоволи потребите и целите на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Сите аспекти во однос на развојот на внатрешна про боно програма во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, вклучително и буџетот (доколку се одлучи да постои таков буџет), треба да се моделира на начин што не само што одговара на корпоративната култура на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, туку и овозможува најефикасно користење на ресурсите и целосно интегрирана про боно практика.

Постојат многу различни начини за структурирање на про боно буџет. Неколку од најчесто користените опции се следниве:

**(а) Опција 1**: Одделни буџети за обезбедување про боно правна помош и добротворни придонеси

За да се избегне забуна, или едноставно затоа што подобро одговара на деловниот модел и институционалната структура на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, некои канцеларии, односно

друштва, претпочитаат да имаат одделни буџети за обезбедување про боно правна помош и за добротворни придонеси за сите цели, вклучително и управување со буџетот.

**(б) Опција 2**: Проширување на буџетот за добротворни придонеси

Друга можна опција за утврдување на про боно буџет е адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво да го прошири својот годишен буџет за добротворни придонеси (доколку го има) и да ја вклучи својата про боно практика под овој поголем чадор.

**(в) Други опции за буџетот:** Да се прави разлика помеѓу „рутински" и „нерутински" трошоци

Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да бидат свесни за видовите на внатрешни трошоци кои се вклучени во одржувањето на про боно програмата. Бидејќи овие трошоци се очекуваат и се неопходни за давање квалитетна правна помош многу адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва не бараат претходно одобрение од про боно комитетот или друго соодветно лице или тело за овие трошоци. Од друга страна, надворешните трошоци се „нерутински" трошоци и затоа за нив најчесто е предвидено да се бара соодветно одобрение, особено со оглед на тоа што обично се работи за повисоки трошоци, како што се трошоци за судски и административни такси, вештаци и слично. Притоа, треба да се има предвид дека постои разлика помеѓу адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва во однос на тоа кои трошоци се „рутински", а кои не се. Во секој случај, важно е ова прашање добро да се прецизира во прирачникот за про боно политики и процедури.

### 3.5.2 Дали некогаш е соодветно да се наплатува надомест од про боно клиент?

Никогаш не е соодветно за адвокатска канцеларија, односно адвокатското друштво да наплатува било каков надомест од про боно клиент. Ако адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво му наплаќа на својот клиент каков било надомест за пружената правна помош, тогаш тоа работење не може да се смета за про боно работа. Во секој случај, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и про боно клиентот можат да се договорат дека клиентот ќе биде одговорен за плаќање на дел или на сите трошоци поврзани со про боно застапувањето на клиентот или за спроведување на про боно правните совети дадени од страна адвокатот. Овие трошоци може да вклучуваат судски трошоци и административни трошоци, и други слични трошоци.

Доколку адвокатот кој пружа про боно правна помош успее во спорот и судот ја задолжи спротивната страна да ги надомести трошоците на постапката целосно или делумно согласно одредбите од законот кои ја уредуваат судската постапка, во тој случај судот во изреката на судската одлука треба да ја задолжи спротивната странка износот на трошоците на постапката да ги уплати на сметката на адвокатот кој ја пружил про боно правната помош. Доколку про боно клиентот бил одговорен за плаќање на

дел или на сите трошоци поврзани со про боно застапувањето на клиентот, во тој случај соодветен дел од трошоците на постапката треба да се уплати на сметката на про боно клиентот. Многу е важно овие прашања претходно да се усогласат со про боно клиентот, на внимателен и прецизен начин. Имено, во обид да се избегнат недоразбирања и да се воспостави здрав однос со про боно клиентот, адвокатот и клиентот треба да ги утврдат и дискутираат овие прашања пред адвокатот да го преземе пружањето на про боно правна помош, односно про боно застапување.

### 3.5.3 Алокација на трошоци

Политиката за распределување на трошоците секако зависи во голема мера од про буно буџетот на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, висината на таксите поврзани со конкретниот про боно предмет и личните финансиски околности на клиентот. Опциите вклучуваат про боно клиент за кого про боно работењето: не предизвикува трошоци; предизвикува само надворешни трошоци; предизвикува внатрешни и/или надворешни трошоци до одредена сума; предизвикува и внатрешни и надворешни трошоци во полн износ, или донесување на одлука за тоа кој сноси определени трошоци, во зависност од финансиските ресурси на клиентот. Во секој случај, политиката на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за распределување на трошоците треба да биде вклучена во про боно прирачникот на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за политики и процедури.

Оваа политика исто така треба јасно да се соопштува на клиентот, а про боно клиентот секогаш треба да има јасно разбирање за трошоците за кои ќе биде одговорен. Со цел да се избегнат недоразбирања и да се воспостави здрав однос со про боно клиентот, адвокатот и клиентот треба да го утврдат и дискутираат ова прашање пред адвокатот да преземе пружање на про боно правна помош, односно про боно застапување.

Исто како во случајот кога се работи за клиент кој плаќа за адвокатските услуги, про боно клиентот треба да прочита, разбере и потпише писмен договор или формулар во кој ќе се наведе кој ќе биде одговорен за трошоците поврзани со застапувањето или за друга правна работа што про боно ја дава адвкатот. Адвокатот треба да се консултира со про боно клиентот пред да стори какви било материјални трошоци за кои клиентот ќе одговара. Доколку се појават непредвидени трошоци откако ќе се воспостави врска меѓу адвокатот и клиентот, тие треба да бидат решени веднаш и на сличен формален (документиран) начин, за да се избегнат недоразбирања и/или етички прашања.

### 3.5.4 Кои се даночните импликации поврзани со про боно работа?

Секоја држава има различни барања за усогласеност на адвокатската професија во контекст на даночните импликации. Некои држави може да имаат и даночни олеснувања во однос на про боно работата. Во секој

случај, важно е адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, при развивањето на своја про боно програма, да бидат запознаени со какви било даночни импликации поврзани со обезбедувањето про боно правна помош. Разбирањето на овие даночни импликации ќе ѝ овозможи на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, да воспостави посоодветна и поповолна про боно структура, која ќе ја постигне својата цел и потреби и ќе придонесе адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво да ги постигне своите цели.

### 3.6 Процедура за про боно предмети

#### 3.6.1 Отворање на нови про боно предмети

Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво мора да воспостави формални процедури за започнување, извршување и завршување на про боно работата.

Иницирањето на отварање на про боно предмет ги вклучува следниве процедурални чекори:

(а) **Про боно барање:** Откако адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе избере механизам за идентификување на про боно можности и ќе ги извести своите адвокати за тие можности, и откако одреден адвокат ќе изрази интерес за работа на одреден про боно предмет, првиот чекор е да се пополни барање за нов про боно предмет („про боно барање“). Про боно барањето треба да содржи основни информации, како што е описот на про боно клиентот и потребните услуги. Про боно барањето треба да биде потпишано од адвокатот кој ќе биде одговорен за про боно предметот и лицето кое ќе го надгледува, доколку такво има.

(б) **Проверка на судир на интереси:** Про боно прашањата може да предизвикуваат определен судир на интереси. Затоа, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да спроведе проверка на судир на интереси во однос на секое про боно барање. Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да ја користи истата постапка што се користи за проверка на конфликти со комерцијалните клиенти и да ги запише резултатите во про боно барањето.

(в) **Одобрување на про боно предмети:** Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да утврди кој ќе биде одговорен за одобрување на нови про боно предмети. Честопати и про боно раководителот или комитетот ќе ја извршуваат оваа улога, или ќе го надгледуваат про боно координаторот во извршувањето на оваа улога. Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да воспостави одредени основни критериуми за разгледување на про боно барања.

Некои од критериумите што можат да се земат предвид при одобрување на нови про боно предмети се: потенцијални конфликти на интереси или потенцијални деловни конфликти (како на пример, застапување правна позиција во име на про боно клиент што е спротивна на правната позиција што ја зазема адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво во име на други клиенти); дали потребните услуги соодветствуваат на дефиницијата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за про боно правна помош, наведена во нејзиниот про боно прирачник за политика и процедури, или ако има некои вонредни околности поради кои мора да се одбие про боно предметот.

(г) **Про боно договор:** Откако ќе биде одобрен нов про боно предмет, по можност по остварување на претходен разговор со потенцијалниот клиент, се препорачува адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и про боно клиентот да потпишат договор што ги дава параметрите на застапувањето. Меѓу другите теми, договорот треба да ја утврди природата, описот и опсегот на застапувањето, кои се важни за разбирањето на клиентот за точниот опсег на правна помош што ќе биде обезбедена. Во слична смисла, треба да прецизира кој ќе биде одговорен за плаќање на какви било трошоци поврзани со про боно предметот.

(д) **Архива за про боно предмети:** Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да отвори и одржува физичка или електронска архива за секој про боно предмет, користејќи ја истата постапка што се користи за комерцијални клиенти.

### 3.6.2 Следење и надзор над про боно предмети

Неопходно е адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво да воспостави формален систем за следење и надзор над про боно работењето, со цел да се осигури дека адвокатите обезбедуваат про боно правна помош на професионален начин и дека ги следат истите стандарди како кај услугите што адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво им ги обезбедува на своите комерцијални клиенти. Затоа, за секој про боно предмет треба да има назначено лице или тело за надзор, кое директно или преку про боно координаторот (доколку има) или на друг начин, редовно ќе се информира и ќе го прегледува про боно работењето, при што ќе обезбедува повратни информации или помош по потреба. Се препорачува про боно координаторот редовно да го следи статусот на секој про боно предмет.

Препорачливо е да се воспостави формален механизам за писмено известување како средство со кое адвокатите одговорни за про боно предмети го известуваат про боно координаторот и (директно, или преку про боно координаторот), лицето или телото за надзор за статусот на про боно предметот. Овие извештаи генерирани од адвокатите треба да содржат информации за најновите достигнувања или неуспеси, потенцијални следни чекори и постоење на какви било пречки или проблеми.

3.6.3 Стандард на услуги

Важно е адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво јасно да укаже во својот прирачник за про боно политика дека про боно правната помош се обезбедува со ист стандард на квалитет што им се дава на комерцијалните клиенти. Треба да се истакне дека про боно работата нема помал приоритет или стандард на квалитет од комерцијалната работа. Ова е особено важно затоа што адвокатите кои се под временски притисок можат да бидат во искушение да одложат или да посветат помало внимание на работа на про боно предмети, со што потенцијално се придвижуваат во спротивна насока од интересите на нивните про боно клиенти.

Ова не значи дека адвокатот секогаш мора истовремено да се справува и со комерцијалната работа каде што е под притисок и со постојната про боно работа. Тоа значи дека адвокатот треба да го извести про боно координаторот (доколку има), про боно раководителот или про боно комитетот за ситуацијата, за да може да се преземат активности во насока на поддршка, на пример од страна на еден или повеќе дополнителни адвокати (барем привремено), без оглед дали се работи за комерцијалната работа или за про боно работа на адвокатот.

3.6.4 Евиденција на часови

Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва треба да одржуваат систем за евиденција за изработените про боно часови на адвокатите. Без ваква евиденција, адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва не можат да утврдат дали ги постигнуваат своите квантитативни про боно цели и не можат соодветно да ги проценат нивните про боно програми од квантитативен аспект.

3.6.5 Завршување на про боно предмети

Откако ќе заврши пружањето на про боно правна помош за определен предмет (без оглед дали предметот е завршен или адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво одлучило дека од определени оправдани причини нема да продолжи да ги обезбедува своите услуги), адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да го извести про боно клиентот за овој факт. Препорачливо е таквата комуникација да биде во писмена форма.

3.6.7 Евалуација

За да обезбеди висококвалитетно про боно застапување, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да ја евалуира про боно работата на адвокатите со користење на истите стандарди како и при работа за комерцијални клиенти.

# **Дел IV**
# Про боно можности

### 4.1 Балансирање на правната потреба со стручноста и интересот на адвокатот

Откако адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе утврди кој ќе управува со про боно програмата и ќе го финализира прирачникот за про боно политика и процедури, следниот чекор е да ги утврди механизмите преку кои адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе ги идентификува про боно можностите. Без оглед на тоа како се идентификуваат про боно можностите, при изборот на про боно предмети кои ќе бидат одобрени од страна на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, треба да се земат предвид и постојните правни потреби на граѓаните и заедниците за кои сметаат дека се соодветни за нивните услуги, како и стручноста и интересите на нивните адвокати.

Обично, дефиницијата за про боно правна помош се фокусира во најголем дел на бесплатните правни услуги обезбедени за сиромашните и обесправените; за организациите кои им помагаат на овие лица; и за прашања од јавен интерес. Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво, исто така, треба да размислат за канализирање на дел или најголем дел од нивните про боно напори на организиран начин кон итните или значајни правни потреби на заедницата или заедниците кои имаат потреба од такви услуги.

Важно е да се потенцира дека про боно можностите не се ограничени само на судски постапки и административни постапки. Адвокатите имаат многу можности да вршат про боно работење за невладини организации кои им помагаат на сиромашните и обесправените. Исто така, може да се обезбеди про боно правна помош за прашања од јавен интерес, како што е, на пример, поднесувањето на тужби или претставки actio popularis, подготовка на правен извештај за анализирање на пристапот до информации од јавен карактер и слично.

Покрај тоа, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да ги имаат предвид стручноста и интересите на нивните адвокати при идентификување на про боно можностите. Ефективен начин за охрабрување на учеството на адвокатите и обезбедување на интерес за про боно работа е да се понудат можности во области за кои адвокатите имаат искуство и интерес. Еден начин да се идентификува ова е преку спроведување на анкета меѓу адвокатите во однос на ова прашање. Во секој случај, адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва мора да ги балансираат способноста и интересот на адвокатот со правните потреби на заедницата.

## 4.2 Идентификување на про боно можности

Откако правните потреби на заедницата и интересите на адвокатот ќе бидат избалансирани, следниот чекор е да се утврди како адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе најде соодветни про боно можности. Особено во отсуство на функционални организации чија улога е да ги поврзуваат давателите на про боно правна помош со квалификуваните приматели на про боно правна помош, идентификувањето на про боно можностите не е лесна задача и треба да се му се посвети внимание.

Потребата за одреден вид бесплатни правни услуги може да биде голема, но, во отсуство на можности за соодветно поврзување и верифицирање на клиентот, може да постојат тешкотии при идентификување на соодветни про боно можности.

Пред адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво да утврди дали про боно можноста е соодветна, мора да се преземе серија на чекори. Некои од овие чекори вклучуваат контактирање и интервју со потенцијални про боно клиенти и добивање и првично разгледување на документацијата на потенцијален клиент за да се утврди дали е исполнета дефиницијата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за обезбедување про боно правна помош.

Во секој случај, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво треба да ги користат постојните мрежи и веќе развиените односи за да пронајдат про боно можности. Некои од најчестите методи што се користат за да се идентификуваат про боно можностите се следниве:

### 4.2.1 Создавање на про боно партнерства

Создавањето на про боно партнерства е еден од најефикасните и најпогодните начини за идентификување на про боно можности. При овој пристап, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво соработува со организации чиј фокус е јавниот интерес или социјалната заштита, правни факултети и слично, меѓу другото за да се добијат информации за про боно можности, кои потоа интерно се проследуваат за да се измери интересот на адвокатите за конкретни прашања. Ако има доволен интерес, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе го иницира процесот на одобрување. Придобивка од овој пристап е тоа што организацијата-посредник ја ослободува адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво од одговорностите на определени почетни задачи: интервју со клиенти, испитување на документи и други административни задачи.

Користејќи го овој пристап, адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво можат да создадат партнерства со невладини организации или други институции кои функционираат како организации-посредници што ги поврзуваат про боно клиентите со адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва кои обезбедуваат про боно правна помош. Како организации-посредници може да послужат невладини организации, адвокатската комора, правни клиники, универзитети, училишта, болници, цркви и слично.

4.2.2 Мрежа на про боно координатори

*Во случај да не постои организација-посредник, може да се формира мрежа на про боно координатори. Имено, про боно координаторите од различни* адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва *можат да се организираат редовно да се состануваат за да разговараат за процесите на спроведување и обезбедување про боно правна помош од страна на нивните адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва. Со споделување искуства и стратегии, оваа мрежа може посилно да ја промовира про боно иницијативата на адвокатската професија и заеднички да создаде решенија за заедничките предизвици.*

4.2.3 Внатрешни системи

Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва, исто така, можат да изберат да идентификуваат про боно можности што не вклучуваат партнерства. Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво може да најде про боно клиенти преку поканување на потенцијални клиенти на правна клиника. На таква правна клиника адвокатите може да дадат еднократен совет, но и да се согласат да застапуваат про боно некои лицата кои ќе ја посетат правната клиника.

4.2.4 Идентификација на про боно можности преку адвокатите и административниот пресонал

Нема поголем ресурс за про боно координаторот или про боно комитетет од сопствените вработени во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Никој не ги знае подобро предизвиците и успесите во преземањето на про боно работа од адвокатите и административниот персонал, кои работат за да се осигури дека про боно работата не само што се презема, туку и се изведува ефикасно и со највисок квалитет. Про боно координаторите може да развиваат периодични работилници, тркалезни маси или групи за дискусии, преку кои адвокатите кои учествуваат во про боно работењето можат да ги искажат своите мислења и да понудат предлози за начини со кои ќе ја подобрат про боно програмата. Ова не само што им помага на про боно координаторот или комитетот да бидат поефективни, туку исто така го поттикнува развојот на цврста про боно култура и им дава позитивно признание на оние што учествуваат во про боно работата.

Во секој случај, треба да се има предвид дека интересот на адвокатот мора да биде избалансиран со поголема цел за адресирање на незадоволената правна потреба на заедницата. Затоа, сите про боно можности и проекти, вклучително и оние што ги предлагаат адвокатите, мора да ја исполнат дефиницијата на адвокатската канцеларија, односно на адвокатското друштво за про боно работа.

# **Дел V**
# Промоција и признание за про боно работа

## 5.1 Промоција на про боно работа

Откако адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ќе утврди како ќе ги идентификува про боно можностите, следниот чекор е да се одлучи како да се промовира и поттикне про боно програмата внатрешно, да се регрутираат адвокати кои ќе учествуваат во неа и да се обезбеди поттик за вршење на про боно работа. Успешното регрутирање на адвокати за обезбедување на про боно правна помош бара адвокатите прво да се информират за потенцијалните про боно можности.

**Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва не само што треба да ги известат своите адвокати за про боно можности, туку треба и да ги охрабрат и да ги мотивираат да вршат про боно работа. Некои од најчестите методи што се користат за поттикнување на про боно практика се:**

**(а) Учество на адвокат/партнер:** Првиот и најважниот начин за поттикнување на адвокатите за про боно работа е преку активно учество на адвокатот кај кого се вработени останатите адвокати во рамки на адвокатската канцеларија, односно партнерот/партнерите, доколку се работи за адвокатско друштво. Кога овие лица активно учествуваат во про боно програмата преку: нивно вклучување во про боно комитетот; обезбедување на про боно правна помош; или вршење надзор над адвокатите кои вршат про боно работа, поверојатно е дека адвокатите ќе сметаат дека адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ја цени нивната про боно работа. Покрај тоа, овој начин е ефикасно средство за отфрлање на негативните перцепции за вршење про боно работа.

**(б) Категоризирање на про боно работата:** Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво може да охрабри учество во својата про боно програма преку третирање на про боно работата исто како и работата за комерцијалните клиенти. Ова вклучува броење на про боно часови како еквивалент на часови за наплата и вклучување на про боно работењето при донесување на одлуките на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за евалуација, компензација и промоција.

**(в) Евалуација на про боно работата:** Исто како што адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва позитивно ги оценуваат напорите на адвокатите за проширување на контактите и потрагата по нови клиенти, така и про боно работата треба да се смета како позитивна оцена за работењето на адвокатот, доколку работата е со висок квалитет. Кога адвокатите извршуваат квалитетна про боно работа, тие не само што стекнуваат драгоцено искуство, туку нивната иницијатива и добро завршената работа треба да бидат препознаени.

(г) **Вклучување на стручни соработници, адвокатски приправници и студенти-практиканти во про боно предмети или проекти**: Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва обично имаат ангажирано стручни соработници, адвокатски приправници и повремено студенти по право на пракса. Сите овие соработници може да соодветен начин да се вклучат во про боно работењето. Особено младите соработници се генерално ентузијасти за учество во про боно работа, затоа што им дава можност да учат за нови правни области и ги изложуваат на различни начини на кои законот може да се искористи за да им помогне на поединци и невладини организации за да се унапредат реформите во законодавството и секако, на крај, да се промени општеството кон подобро.

Со овозможувањето на овие соработници да бидат вклучени во про боно работа, адвокатска канцеларија, односно адвокатското друштво ги обучува и подготвува овие идни адвокати за посветеност во кариерата и за про боно работа. Покрај тоа, поттикнувањето на про боно идеали кај студентите помага да се зацврсти локалната про боно култура и да се зајакнат односите меѓу адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво и правните факултети, кои потоа можат заедно да воспостават проекти и да соработуваат за прашања од јавен интерес.

### 5.2 Признание за про боно работа

Јавното признание дадено на адвокатите за про боно работа е уште еден начин да се промовира про боно програмата и да се поттикне учество во истата. На соодветен начин може да се известуваат сите вработени во адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво за успесите во оваа смисла на определен адвокат. Годишното признание за про боно достигнувања е уште еден начин да се награди и охрабри про боно работата. Адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво може да додели и награди за различни нивоа на про боно работа, вклучително и на посебна церемонија или прослава.

# Дел VI
# Евалуација

### 6.1 Евалуација на про боно работењето на адвокатот

Адвокатите кои се занимаваат со про боно работа треба да бидат евалуирани на ист начин како и адвокатите кои работат на комерцијални работи. Дури и во адвокатски канцеларии, односно адвокатски друштва каде адвокатите не се оценуваат редовно, про боно евалуациите треба да се вршат на годишно ниво или почесто. Ова не само што ја наградува висококвалитетната про боно работа, туку исто така обезбедува и конструктивна критика, за да се осигури дека адвокатите обезбедуваат правна помош со висок квалитет на нивните про боно и други клиенти

### 6.2 Евалуација на про боно програмата

Покрај индивидуалната евалуација на адвокатот, про боно комитетот треба периодично да ја оценува и про боно програмата на адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво. Ако не постои комитет, про боно координаторот или раководителот треба да определат кој ќе ја евалуира ефикасноста на програмата и ќе предложи можни подобрувања.

За да се спроведе евалуација на про боно програмата, евалуаторот треба идеално да ги има сите релевантни квантитативни достапни информации, особено:

- вкупен број на про боно часови за годината;
- број и процент на адвокати, соработници и други кои оствариле одреден број часови на про боно работа во текот на годината;
- просечен број на про боно часови по адвокат во текот на годината;
- про боно часови како процент на наплатливи часови;
- сето погоре, по групи на практики;
- број на про боно клиенти кои биле опслужени во текот на годината;
- број на часови посветени на секој про боно клиент/материја во текот на годината;
- список на про боно предмети категоризирани според типот;
- список на про боно предмети кои биле доставени преку институционални партнерства;

- список на други извори на про боно можности; и
- ефективноста или недостатокот на ефективност на про боно проектите.

Користејќи ги овие информации, адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва можат да ги анализираат квантитативните аспекти на нивните про боно програми, па имајќи ги предвид дискусиите со адвокатите или анонимните анкети на адвокатите, можат да утврдат дали адвокатската канцеларија, односно адвокатското друштво ги исполнува своите про боно цели, дали адвокатите/партнерите активно учествуваат и дали институционалните партнерства биле ефективни во обезбедувањето про боно можности.

Адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва можат да ги користат своите проценки за да направат соодветни прилагодувања, со цел да ги подобрат своите про боно програми, да се вклучат во нови про боно партнерства, да ја модифицираат надзорната структура или да бараат нови стимуланси за учество на адвокатите.

# Дел VII
# Придобивки од про боно програмата

Главните придобивки што можат да произлезат од про боно програмата се следниве:

- **Придонес кон пополнувањето на определени празнини во достапноста на правна помош и пристапот до правда**

Добро организирана про боно програма може да ја подобри можноста на адвокатите да ги исполнат празнините што настануваат помеѓу правните потреби на најзагрозените во општеството и нивната можност да обезбедат правна помош.

- **Обука на адвокатите, стручните соработници, адвокатските приправници и студентите по право**

Про боно практиката претставува начин на кој помлад адвокат или соработник може да ги подобри вештините и да помогне во градењето на професионална мрежа. Новите адвокати и стручните соработници, особено адвокатските приправници и студентите по право кои се на пракса, генерално исполнуваат секундарни улоги при обезбедувањето на правна помош. Про боно работата им овозможува на новите соработници да стекнат поголемо искуство, да ги подобрат и развијат своите практични вештини, вештини за комуникација, професионални мрежи и слично.

- **Градење врски со членови на глобалната правна заедница**

Про боно ангажманот може да им помогне на адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва да градат односи со други адвокатските канцеларии, односно адвокатските друштва низ целиот свет преку соработка на мулти-јурисдикциони проекти.